АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

ЦРВЕН КРСТ
на Република Македонија
Бр. 0202-211/13
27.03.2019 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 31 од Статутот на Црвен крст на Република Македонија, Раководниот одбор на Црвен крст на РМ на својата седница одржана на 06.03.2019 година донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ НА ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој правилник се уредува начинот на функционирање, финансирање утврдување на постапка за издавање на публикации и начинот на документирање и архивирање на издавачката дејност на Црвениот крст на Република Македонија/Црвен крст на град Скопје и Општинските организации на Црвен крст.

### Член 2

Издавачката дејност на Црвениот крст на Република Македонија го опфаќа издавањето на книги, годишни програми, стратегии на Црвениот крст на Република Македонија, годишни извештаи, брошури, флаери, списанија, каталози, прирачници, упатства, информативни материјали, преводи на странски изданија како и службени и периодични публикации на Црвениот крст на Република Македонија, како **монографии**, печатени изданија, изданија дисеминирани на компјутерски мрежи, CD дискови, видео и тонски записи, како и други изданија.

### Член 3

Изданијата од член 2 на овој Правилник се издаваат во име на Црвениот крст на Република Македонија и се во согласност со Стандардите за брендирање на Црвен крст на Република Македонија.

За изданијата кои ги издаваат ЦКГС и ООЦК кои го надминуваат опсегот на локална употреба или се поврзани со историјата и постоењето на Организацијата, потребно е одобрение од Црвен крст на РМ пред неговото печатење.

### Член 4

Црвениот крст на Република Македонија во областа на издавачката дејност ги утврдува состојбите и потребите од изданија, врши подготовки и издавање на изданија, ја унапредува и осовременува издавачката дејност, обезбедува материјални средства за издавачка дејност и ги кооординира активностите во издавачката дејност во рамките на организацијата, со другите организации и издавачи.

## II. ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

**План, носители и средства за издавачка дејност**

**Член 5**

Издавачката дејност ја организира и спроведува лицето задолжено за вршење на оваа дејност во ЦКРМ/ЦКГС/ООЦК. Задолженото лице изготвува предлог план за издавачка дејност за секоја календарска година и го информира и запознава Генералниот секретар на ЦКРМ/Секретарот на ЦКГС и ООЦК за реализација на планот,и соработува со други организации.

**Член 6**

Со годишниот план се утврдува издавањето на публикациите, во кој се содржани насловите и видовите на публикациите, носители, рок на реализација тираж и дистрибуција.

**Член 7**

Издавачката дејност на ЦКРМ/ЦКГС/ООЦК се остварува врз основа на годишни издавачки планови одобрени од генералниот секретар/ секретар.

**Член 8**

Средствата за издавачка дејност преку Црвен крст на Република Македонија се обезбедуваат врз основа на годишен план и тоа од следните извори:
- наменски издвоени средства со финансиски план на националното друштво,
- средства од Фондот за видливост на ЦКРМ,
- проекти,донатори, спонзори и партнери,
-други извори.

**Рецензија и јазична редакција**

**Член 9**

Во случај на подготовка на публикацијата кога е потребно рецензирање истата мора да биде рецензирана од најмалку два рецезенти.

Рецензијата треба да содржи општ и посебен дел.
Општиот дел содржи општи податоци за делото, вид на делото, содржина и структура на делото, оргиналност на текстот, и степен на соодветност на текстот.

Посебниот дел содржи соодветност на насловот на публикациите, делови на делото, содржина и нивно обележување, актуелност и оргиналност на делото, илустрации, литература терминологија, стил и јазик.

**Член 10**

Секое издание подлежи на јазична редакција од страна на овластено лице.
Секое издание на Црвениот крст на Република Македонија/ЦКГС/ООЦК ги содржи следниве елементи:
-име на издавачот;
-име на авторите;
-наслов на издание;
-место и година на печатење;
-рецензентите;
-главен уредник;
-технички уредник;
- каталогизација;
-спонзори доколку ги има; и
-тираж на изданието.

**Авторско право**

**Член 11**

Авторското право на изданијата можат да го задржат авторите, или да му го препуштат и му го отстапат на Црвениот крст на Република Македонија.

На издадените публикации, Организацијата ги превзема и штити авторските права.

**Документирање и архивирање**

**Член 12**

Изданијата треба да се документираат и архивираат во електронска форма од страна на задолженото лице за дизајнерски и компјутерски работи.

**Член 13**

Изданијата треба да се архивираат од страна на задолженото лице за издавачка дејност и во печатена форма.

**Член 14**

За одредени изданија примероци се доставуваат во матичната библиотека на која територијално припаѓа ЦКРМ/ЦКГС/ООЦК.

## II. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 15**

Постапката за изменување и дополнување на овој Правилник се врши на начин и постапка за негово донесување.

**Член 16**

Овој Правилник е со важност и за Црвениот крст на град Скопје и општинските организации на Црвен крст.

**Член 17**

Овој Правилник станува во сила со денот на неговото донесување.

Претседател

проф. д-р Ромел Велев